ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 14.04.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## УСЛОВНИ БУЏЕТИ

Во договорната 2011/2012 година, ФЗОМ во преговорите со ЈЗУ воведе новина како прв пионерски чекор кон стратешко купување на услуги. Оваа новина треба да го зголеми на обемот и квалитетот на здравствените услуги, како и вршење на дефицитарни здравствени услуги во јавното здравство.

Новината се состои во тоа да определените здравствени субјекти обавуваат услуги кои се договорени во специфични планови за вид и обем на здравствени услуги а за тоа да добијат зголемување на своите буџети. Другата новина е во тоа да доколку ЈЗУ не се придржуваат до зацртаниот план на здравствени услуги парите наменети за специфичниот план да се прераспределат во ПЗУ или за лекување во странство.

### ОЧНА ХИРУРГИЈА И ФАКО МЕТОДА

Оваа година, ФЗОМ по прв пат склучи договори со две приватни офталмолошки здравствени установи за здравствени услуги од областа на очна хирургија, со вкупна вредност од 40 милиони денари. Покрај ова ФЗОМ како специфични планови со Градската општа болница „8-ми Септември“ и Клиниката за очни болести договори оперативни зафати за катаракта со Фако метода за 450 случаи во новата градска болница „8 Септември“ и 320 случаи во Клиниката за оперативни зафати за катаракта со Фако метода. Ова претставува околу 35% од сите случаеви на катаракта т.е 2738 случаи во 2010 година и претставува огромен прогрес во финансирањето на оваа метода. Како припрема за оваа метода ФЗОМ пред крајот на годината ги зголеми цените за операција на катаракта од 15 на 30 илјади денари респективно. Ова е огромно олеснување на осигурениците кои претходно плаќале приватно. Вака зголемениот обем на операции на катаракта со Фако метода се очекува да започне од 3 квартал 2011 година

| Катаракта Фако метода/катарата | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8-ми Септеври | Клиника за очни болести | 2-те приватни | Вкупно фако/сите катаракти 2010 | процент |
| 320 | 450 | 190 | 960/2738 | 35.06% |

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

## КЛИНИКА ЗА ТОРАКАЛНА И ВАСКУЛАРНА ХИРУРГИЈА

Специфичниот план за вид и обем на здравствени услуги се однесува на 10 оперативни зафати на каротида, 50 оперативни зафати на артерии на екстремитети, 16 оперативни зафати на карциноми на хранопровод, 192 операции на тумори на бели дробови. Ова претставува значително зајакнување на бројот на хируршки интервенции кои треба да се обавуваат во јавното здравство. Поради тоа во соработка со директорот на клиниката беа договорени овие 4 типа на интервенции каде условно ќе биде покачен буџетот на клиниката. Од 70 милиони во 2010 на 91 милион 2011 зголемување од 21 милион денари.

| буџет 2010 во мил.ден. | буџет 2011 во мил.ден. | зголемување во мил.ден | услов број на интервенции | 2010 интервенции |
|---|---|---|---|---|
| 70 | 91 | 21 | 10 оперции на каротида, 50 на артерии на ектремитети(кадар), 16 карциноми на хранопровод и 192 тумори на бели дробови | 1 каротида, 6 карциноми на хранопровод, 86 артерии, 197 тумори на бели дробови |

## КЛИНИКА ЗА УРОЛОГИЈА

| 2010 во мил.ден | 2011 во мил.ден. | зголемување во мил.ден. | услов број на интервенции | 2010 интервенции |
|---|---|---|---|---|
| 72.5 | 77.1 | 4.6 | 15 пресадувања на бубрег | 10 |

Со клиниката за урологија во специфичниот план за вид и обем на здравствени услуги ФЗОМ се наведоа 15 случаи на трансплантација на бубрег за разлика од 10-те случаи во 2010година. Ова претставува 33% поголем број на случаеви со што ќе се започне вистинско кадрово екипирање и формирање на нови стручни тимови кои ќе ги обавуваат овие комплексни интервенции во иднина.

## КЛИНИКА ДЕТСКА ХИРУРГИЈА

Со донациите кои оваа клиника ги доби и опремување на единицата за интензивна нега како и обуката и ентузијазмот на специјалистите за унапредување на медицината во Р.Македонија оваа клиника се обврза на 7 трансплантации како услов за зголемениот буџет, 5 случаи на трансплантација на бубрег и 2 случаи на трансплантација на црн дроб што за прв

Адреса: Македонија 66, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
ИНФО ЛИНИЈА (БЕСПЛАТНА) 0800 33 222
Е-пошта: info@fzo.org.mk
Web: www.fzo.org.mk

пат ќе се обавуваат во Р.Македонија. Буџетот од 46 милиони денари во 2010 на 63.5 милиони денари во 2011 година . Зголемување од 17.5 милиони денари.

| 2010 во мил. ден. | 2011 во мил. ден. | зголемување во мил. ден. | услов број на интервенции | 2010 интервенции + странство |
|---|---|---|---|---|
| 46 | 63.5 | 17.5 | 5 пресадувања на бубрег + 2 на црн дроб | 1 + 2 |

## КЛИНИКА ЗА УВО,НОС И ГРЛО (ОРЛ)

Специфичниот план за вид и обем на здравствени услуги се однесува на 8 случаи на вградување на кохлеарни импланти. Со оваа бројка на интервенции ФЗОМ и клиниката се надева дека ќе бидат опфатени сите деца кои имаат медицинска индикација за вградување на кохлеарен имплант. Како предуслов на стандардизирање на услугата во 2011 цената за вградување на кохлеарен од 240 илјади се зголеми на 1 милион и 100 илјади денари во што е вклучена и цената на самиот имплант.

| буџет 2010 во мил. ден. | буџет 2011 во мил.ден. | зголемување во мил.ден. | услов број на интервенции | 2010 интервенции |
|---|---|---|---|---|
| 59.5 | 67.1 | 7.6 | 8 кохлеарни импланти | 3 |

## КЛИНИКА ЗА ДЕТСКИ БОЛЕСТИ

Специфичниот план за вид и обем на здравствени услуги се однесува на терапија со хормон за раст за приближно 100 деца и терапија за Цистична фиброза за околу 110 деца годишно. Соодветно клиниката се обврзува да терапијата за сите дечиња кои имаат потреба од овие специфични лекарства.

| буџет 2010 во мил.ден. | буџет 2011 во мил. | зголемување во мил.ден. | услов број на интервенции |
|---|---|---|---|
| 297 | 312 | 15 | 100 хормон за раст и 110 цистична фиброза |

Бранко Аџигогов
Портпарол